1830
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖ[...]
НА СОЦИЈАЛИСТИЧК[...] [...]А ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-19644

Петок, 31 октомври 1980
БЕЛГРАД
БРОЈ 61 ГОД. XXXVI

Цена на овој број е 36 динари. — Претплатата за 1980 година изнесува 800 динари. Рок за рекламации 15 дена. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-855; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**899.**

Врз основа на член 31 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), во врска со член 101 став 2 од Законот за основите на системот на цените и за општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/80 и 38/80), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ СПОРЕД УСЛОВИТЕ НА ПАЗАРОТ

1. Организациите на здружен труд можат според условите на пазарот да ги формираат своите продажни цени за следните производи и услуги од интерес за целата земја, и тоа:

а) од гранката 0109 — Производство на обоени метали:

1) злато (освен златото што Народната банка на Југославија го набавува за девизни резерви);
2) сребро;
3) бизмут;
4) кадмиум;

б) од гранката 0110 — Преработка на обоени метали:

1) спомен златници, јубилејни златници и медалјони;
2) производи од злато, забно злато и замена на забно злато (ауропал);
3) други производи од злато (лим, ленти, жици, аноди, течно злато, злато во прав);
4) полупроизводи од сребро (лим, ленти, жици, легури) и други производи од сребро;

в) од гранката 0111 — Производство на неметални минерали (без градежен материјал);

1) каолин молерски;
2) вулкански туфови;
3) активна глина, феринат и ферипласт;
4) сурова креда;
5) барит;
6) доломит;
7) бентонит;

г) од гранката 0112 — Преработка на неметални минерали (без градежен материјал);

1) орнамент леано стакло;
2) армирано стакло;
3) профилирано стакло;
4) амбалажно стакло (освен медицинско стакло, ампули и фиоли и шишиња за масло за јадење);
5) парфимериско стакло;
6) шупливо трговско стакло;
7) стакло за осветление;
8) лабораториско стакло, садови и прибор, термометри и ареометри;
9) кристално стакло;
10) стаклена волна, вата и воал;
11) галантерија и други ситни и украсни изработки од стакло, керамика и порцелан;
12) садови за домаќинството и угостителството од порцелан и керамика;
13) електропорцелан;
14) брусеви;

д) од гранката 0113 — Металопреработувачка дејност:

1) оков и прибор за текстилната и чевларската конфекција и галантерија;
2) куќни ваги, ламби, фенери, примуси, лустеки, механички шмукалки за прав;
3) метална галантерија, бижутерија, накит, украси и други ситни изработки од метал;
4) метални капи за шишиња и пломби;
5) прибор за јадење;
6) оков и прибор (за градежна столарија и мебел);
7) казани за бањски печки;
8) градежна количка;
9) метален мебел;
10) рачен алат од сите видови;
11) материјал за спојување (вијци, матици, шајки, заковки и електроди за заварување);
12) жичено плетиво и платно;
13) синџири;
14) бокс палети;
15) арматури, вентили, шибери, мандала и др.;
16) тркалави лежишта, топчести, валчести и игличести лежишта, лизгави лежишта и делови на лежишта;
17) пипи и вентили;
18) метални садови од сите видови;
19) челичен песок;
20) гранулат;

ѓ) од гранката 0114 — Машиноградба:

1) часовници;
2) машини за изработка на филц, шапки и тулци;
3) газожени и генератори (за производство на генераторски гас, ацетиленски генератори, други генератори);
4) машини за обработка на податоци и нивни единици, машини за подготвување (дупчење, проверување, репродукција), машини за обработка (табелирки и сметачи) и електрични машини за автоматизација;
5) производи на прецизна механика:
— оптички микроскопи (микрочитачи, микро-кино и проекциони апарати и мерни микроскопи);
— апарати за механотерапија (масажа, психотехника, вештачко дишење и спасување во ров);

— инструменти, апарати и модели наменети исклучително за цели за демонстрирање (медицински, ветеринарни, биолошки, физикални, хемиски и други учила и модели), релјефни карти и глобуси;
— машини и апарати за механичко испитување на тврдост, јачина, еластичност и други својства на индустриски материјали (динамометри, инструменти за испитување својства);
— клинички термометри, хидрометри, хигрометри и психометри;
— поларископи, рефректометри, спектрометри, дензитометри, вискозиметри и апарати за тестирање на минерални масла;
— електрични апарати за испитување материјали (тврдост и јачина) и инструменти за физички и хемиски анализи — електрични;

6) машини за сушење на дрво со инфрацрвени зраци;
7) машини за сушење на дрво — други;
8) машини и уреди за перење и сушење;
9) машини за обработка на дрво;
10) делови и прибор за машини за обработка на дрво;
11) термометри, броила, мерни инструменти, брзинометри и барометри;
12) оптички железнички мерни инструменти;
13) рачни пумпи;

е) од гранката 0115 — Производство на сообраќајни средства (без бродоградбата);

1) средства за железничко-шинскиот сообраќај:
— парни локомотиви (на акумулатори или со надворешен извор на енергија) за тесни колосеци и рудници и нивни делови;
— други локомотиви за тесни колосеци и рудници и нивни делови;
— шинобуси, моторни и товарни вагони, моторни дресини, моторни коли за одржување и поправка, и нивни делови;
2) локомотивски котли;
3) сопирачки папучи;
4) свртници и колосечни врски:
5) вонбродски мотори;
6) патнички автомобили, опрема, делови и прибор;

ж) од гранката 0116 — Бродоградба:

1) бродови, реморкери, чамци, багери;
2) јахти;
3) чунови;

з) од гранката 0117 — Производство на електрични апарати и машини:

1) радиоприемници;
2) грамофони, магнетофони и засилувачи;
3) лустери и други тела за осветление;
4) телевизори во боја;
5) батерии;
6) батериски светилки;
7) друг прибор за ТВ;
8) шмукалки за прав;
9) машини за миење садови;
10) мерни инструменти;
11) мали електрични апарати (решоа, пегли, фенови за коса, вентилатори, мелници за кафе, и мелници за месо);

ѕ) од гранката 0118 — Производство на базни хемиски производи:

1) активен јаглен;
2) ретортен дрвен јаглен;
3) натриум бикарбонат;
4) амониум бикарбонат;
5) антифриз;
6) дестилирана вода;
7) лимонска и млечна киселина;
8) оцетна киселина;
9) технички гасови;
10) калциум карбид;
11) екстракти од дрво за штавење;
12) додецил бензол неразградлив;
13) трихлор перхлоретилен;

и) од гранката 0119 — Преработка на хемиски производи:

1) галантериски производи од пластични маси и од други материјали, за домаќинство и широка потрошувачка;
2) пенкала, хемиски моливи, технички моливи и фломастери;
3) пиротехничка галерија (освен минерски барут и пантолитички детонатори);
4) грамофонски плочи и касети;
5) лабораториски хемикалии;
6) китови;
7) филмови, хартија и друг прибор за фотографија;
8) паста за обувки, паста за паркет, коломаст и свеќи;
9) козметички производи, освен препарати за нега на уста и заби;
10) етерични масла, есенции и ароми;
11) хемиски средства за чистење;
12) средства за дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
13) крв и крвни деривати;
14) фластери и дентални препарати;
15) додатоци на добиточна храна;
16) производство и преработка на животински отпадоци;
17) помошни средства за текстил, кожа, гума, обувки и обработка на метали;
18) пластични шатори и чунови;
19) технички и декоративни пластични ламинати;
20) пластични обувки, облека, конфекција;

ј) од гранката 0122 — Производство на режана граѓа и плочи:

1) режана граѓа од сите видови;
2) фурнири;
3) дрвени плочи (иверици, медијапан плочи, шпер плочи, панел плочи и лесонит);
4) производи за импрегнација на дрво;

к) од гранката 0123 — Производство на финални производи од дрво:

1) мебел од дрво (кујни, канцелариски, школски);
2) амбалажа од дрво;
3) производи на градежни елементи од дрво;
4) производи на галантерија од дрво и други ситни изработки;
5) изработки од плута;
6) производи од прачки;

л) од гранката 0124 — Производство и преработка на хартија:

— хартиена галантерија;

љ) од гранката 0127 — Производство на кожа и крзно:

— технички изработки од кожа (освен технички ремен);

м) од гранката 0128 — Производство на кожни обувки и галантерија:

1) сите видови обувки (кожни, комбинирани);
2) кожна конфекција;
3) крзнена конфекција;
4) кожна галантерија;
5) други ситни производи од природна и вештачка кожа;
6) табачка волна;

н) од гранката 0129 — Преработка на каучук:

1) пенеста гума;
2) гумена галантерија;
3) гумирана жима;
4) гумени нишки;
5) гумирано платно;
6) гумени обувки и прибор;

њ) од гранката 0130 — Производство на прехранбени производи:

1) сурово и рафинирано масло за јадење од маслинки, пченкарни никулци; од тиквини семки, од рицинус, масло од растително потекло, друго; масло од сусам (сурово и пречистено), ленено сумпорирано масло и масла сумпорирани и оксидирани, други;
2) технички масноти и масла од растително потекло: ленено масло и рафинирано);
3) технички масноти и масла од животинско потекло: масло од говедски чапунки, масти од коски, масти од отпадоци, друго;
4) преработки од гриз од жита, без какао;
5) масни киселини: индустриски масни киселини (олеинска и други);
6) крвен албумин;
7) специјалитети и деликатеси од зеленчук (сенф и слични зачини, антипасти, мајонези);
8) слатки (локуми, филувани и нефилувани, алва бела, ќетен-алва и други);
9) конзервирани школки, ракови и други мекотелци;
10) кавовини (сладно кафе, мелена кавовина и цикорија);
11) зачини: домашни зачини (мелена пиперка, ловоров лист, ким, коријандор) и увозни зачини (црн пипер, цимет, ванилин, чај, каранфилче, мушкат), сода бикарбона, инстанти (чаеви), доработени плодови (бадем, лешник, суво грозје, кокос брашно, орев);
12) шеќер во кристал и во коцки: ситно пакување до 30 грама; шеќер во прав;
13) гриз и брашно од соја, за човечка исхрана;
14) брашно од 'рж, пченка овес, јачмен и ориз, како и производи од тоа брашно;
15) хелда, просо, гершла и брашно од тие производи;
16) лековити растенија, тинктури, екстракти од лековити растенија, растителни галенски форми, чисти droги и домашни чаеви;
17) оцет од сите видови;
18) вински дестилат;
19) производи од компир, пржен;
20) кикиритки, пржени;
21) хмељ и брашно од хмељ;
22) прашочни производи и адитиви за печење: прашок за печиво и прашоци за пудинг и слатки;
23) природни и вештачки црева за прехранбената индустрија (сурови, солени, сушени и други);
24) есенции, ароми и бои во прехранбената индустрија;
25) овча пастрма;
26) готови јадења во лименки и алуминиумски фолии;
27) тестенини, диетални;
28) мед и преработки од мед;
29) гума за цвакање;
30) пекарски квасец;
31) бонбони освен чоколадни бонбони) и кремови;
32) преработка од овошје и зеленчук;

о) од гранката 0131 — Производство на пијачки;

1) ликери (сите видови, без оглед на процентот на алкохол, содржината на шеќер и начинот на пакувањето);
2) жестоки алкохолни пијачки (рум, бренди, мастика, џин, вотка и виски);
3) вина вештачки (вештачки специјални вина, вермут, порто, малага, вештачки пенливи вина и други вина);
4) вињак;
5) ракија;
6) природни вина обични и квалитетни;
7) пиво;
8) безалкохолни пијачки;
9) минерални води;

п) од гранката 0133 — Производство и преработка на тутун:

1) екстра квалитетни цигари;
2) колекции на екстра цигари;
3) пури и цигарилоси;
4) режан тутун;
5) тутун за цвакање;
6) тутун за луле;
7) бурмут;

р) од гранката 0139 — Производство на разновидни производи:

1) музички инструменти;
2) играчки;
3) спортски справи и реквизити;
4) утензилии;
5) друга галантерија и ситни изработки од разни материјали;
6) стари отпадни материјали: отпадоци од метал, кожа, текстил, хартија, стакло, кланички и други отпадоци;
7) накит од благородни метали;
8) производство на медалји и ковани пари;
9) канцелариски прибор;

с) од гранката 604 — Воздушен сообраќај:

1) превоз на патници и стоки во внатрешниот воздушен сообраќај;
2) аеродромски услуги во меѓународниот воздушен сообраќај;

т) од гранката 609 — ПТТ услуги:

— цени, односно тарифи на ПТТ услуги во меѓународниот поштенски, телеграфски и телефонски сообраќај.

2. Ценовниците со цените што ги формираат според одредбите од точка 1 на оваа одлука организациите на здружен труд се должни да му ги дос-

тават на Сојузниот завод за цени заради евиденција.

Организациите на здружен труд можат да ги применат цените од ценовниците по истекот на рокот од 30 дена од денот на доставувањето на ценовниците до Сојузниот завод за цени, доколку Сојузниот завод за цени во тој рок не донесе решение со кое ќе ја запре примената на цените од ценовниците ако оцени дека тие цени од ценовниците не се во согласност со утврдената политика на цените, односно со нивото на цените според прописите.

3. Се овластува Сојузниот завод за цени, по потреба, да ги распоредува производите во наименувањето од точка 1 на оваа одлука.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат точ. 1, 2 и 4 од Одлуката за формирање на цените на одделни производи и услуги според условите на пазарот („Службен лист на СФРЈ", бр. 3/74, 7/74, 17/74, 31/74, 56/74, 9/75, 10/75, 14/75, 18/75, 33/75, 37/75, 39/75, 59/75, 22/76, 29/76, 31/76, 40/77 и 34/78), Одлуката за формирање на цените на одделни прехранбени и други производи според условите на пазарот („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), Одлуката за формирање на цените за сите видови обувки, кожна и крзнена конфекција и кожна галантерија според условите на пазарот („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77), Одлуката за формирање на цените за одделни прехранбени и други производи според условите на пазарот („Службен лист на СФРЈ", бр. 44/77), точка 3 од Одлуката за задржување на цените на затеченото ниво за определени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/79). Одлуката за формирање на цените на стар отпаден материјал според условите на пазарот („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/73), Одлуката за формирање на цените за природни вина според условите на пазарот („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/80) од Одлуката за формирање на цените, односно тарифите на поштенските, телеграфските и телефонските услуги во меѓународниот поштенски, телеграфски и телефонски сообраќај според условите на пазарот („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/76), Одлуката за начинот на формирањето на цените за аеродромски услуги во меѓународниот воздушен сообраќај („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/78) и Одлуката за формирање на цените на превозот на патници и стоки во внатрешниот воздушен сообраќај според условите на пазарот („Службен лист на СФРЈ", бр. 33/79).

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 532
23 октомври 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

**900.**

Врз основа на член 30 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/77 и 17/78), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТОКИТЕ ЧИЈ ИЗВОЗ И УВОЗ Е РЕГУЛИРАН

1. Во Одлуката за определување на стоките чиј извоз и увоз е регулиран („Службен лист на СФРЈ", бр. 35/78, 25/79, 54/79, 34/80 и 41/80) во Списокот на стоките за кои се утврдуваат условите за извоз и увоз, што е составен дел на оваа одлука, **во колона 3 се** вршат следните измени:

| „Тарифен број | Наименување на стоките | Поранешната кратенка за стоковниот режим на извозот | Се заменува со кратенка за стоковниот режим на извозот |
|---|---|---|---|
| 31.03/2 | Суперфосфати | ЛБ | Д |
| 31.05 | Други ѓубриња: производите од оваа глава се подготвени таблетки, пастили и слични форми, или во пакувања до најмногу од 10 kg бруто тежина | ЛБ | Д." |

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 514
23 октомври 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

**901.**

Врз основа на член 7 став 3 од Законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешнотрговскиот промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/75 и 70/78), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ И ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ И НА НИВНИТЕ ПРЕРАБОТКИ ЗА КОИ ВО НАДВРЕШНОТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ МОЖАТ ДА ВРШАТ ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

1. Во Одлуката за определување на земјоделските и прехранбените производи и на нивните преработки за кои во надворешнотрговскиот промет контрола на квалитетот можат да вршат организациите на здружен труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/79) во точка 1 во одредбата под 2 на крајот се додаваат зборовите: „и други категории коњи, освен коњите за приплод".

Во одредбата под 5 на крајот точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додаваат нови одредби под 6 и 7, кои гласат:

„6) ракија од сливи — сливова;
7) тутун во лист".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 515
23 октомври 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип**, с. р.

**902.**

Врз основа на член 2 од Законот за контрола на квалитетот на земјоделските и прехранбените производи во надворешнотрговскиот промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/75 и 70/78), по прибавеното мислење од Стопанската комора на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ И ПРЕХРАНБЕНИТЕ ПРОИЗВОДИ И НА НИВНИТЕ ПРЕРАБОТКИ ШТО ПОДЛЕЖАТ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ ВО НАДВОРЕШНОТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ

1. Во Одлуката за определување на земјоделските и прехранбените производи и на нивните преработки што подлежат на конттрола на квалитетот во надворешнотрговскиот промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 55/79) во точка 1, оддел А, во одредбата под 2 на крајот се додаваат зборовите: „и други категории коњи освен коњите за приплод".

По одредбата под 6 се додаваат нови одредби под 7 и 8, кои гласат:

„7) ракија од сливи — сливова;

8) тутун во лист;".

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 516
23 октомври 1980 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Гојко Убипарип, с. р.**

---

**903.**

Врз основа на член 66 од Законот за финансирање на федерацијата („Службен лист на СФРЈ" бр. 15/77), сојузниот секретар за финансии пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СОСТАВУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 1

Во Правилникот за начинот на составување на завршната сметка на буџетот на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/78) во член 6 по бројот: „5/78" се додаваат зборовите: „и 3/80)".

Член 2

Образецот ЗСБ „Извршување на буџетот за 197— година", кој е отпечатен кон Правилникот за начинот на составување на завршната сметка на буџетот на федерацијата и претставува негов составен дел, се менува и гласи:

**Образец ЗСБ**

„СР—————

САП—————

Општина—————

**ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА 19—— ГОДИНА**

— во динари без пари —

| Реден број | ОПИС | ИЗНОС во претходната година | ИЗНОС во текуштата година |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | **А. ПРИХОДИ** | | |
| | ПРИХОДИ ОСТВАРЕНИ ВО ТЕКУШТАТА ГОДИНА | | |
| | Непосредни изворни приходи | | |
| | **1. Данок на промет на производи** | | |
| 1 | Дел од основниот данок на промет на производи | | |
| 2 | Вкупно (1) | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | **2. Такси** | | |
| 3 | Конзуларни такси | | |
| 4 | Царински такси | | |
| 5 | Други сојузни административни такси | | |
| 6 | Судски такси | | |
| 7 | Вкупно (3 до 6) | | |
| | **3. Царини и други увозни давачки и лежарина** | | |
| 8 | Царина | | |
| 9 | Посебни давачки за израмнување на даночното оптоварување на увезени стоки | | |
| 10 | Посебна давачка за царинско евидентирање | | |
| 11 | Посебна такса на увезени стоки | | |
| 12 | Лежарина за стоки сместени во царински магацини | | |
| 13 | Вкупно (8 до 12) | | |
| | **4. Приходи според посебни сојузни прописи, приходи на сојузните органи и организации и други приходи** | | |
| 14 | Приходи на сојузните органи и организации | | |
| 15 | Други приходи | | |
| 16 | Вкупно (14 + 15) | | |
| | **5. Придонеси на републиките и автономните покраини** | | |
| 17 | Придонес на Социјалистичка Република Босна и Херцеговина | | |
| 18 | Придонес на Социјалистичка Република Македонија | | |
| 19 | Придонес на Социјалистичка Република Словенија | | |
| 20 | Придонес на Социјалистичка Република Србија без автономни покраини | | |
| 21 | Придонес на Социјалистичка Република Хрватска | | |
| 22 | Придонес на Социјалистичка Република Црна Гора | | |
| 23 | Придонес на Социјалистичка Автономна Покраина Војводина | | |
| 24 | Придонес на Социјалистичка Автономна Покраина Косово | | |
| 25 | Вкупно (17 до 24) | | |
| | **6. Позајмувања, кредити и ослободувања и други средства на тековната година** | | |
| 26 | Средства на Народната банка на Југославија | | |
| 27 | Вкупно (26) | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| 28 | **Вкупни средства во текуштата (2+7+13+ +16+25+27) година** | | |
| 29 | **Средства пренесени од претходната година** | | |
| 30 | Вкупни средства — приходи (28+29) | | |
| | **Б. РАСПОРЕД НА ПРИХОДИТЕ** | | |
| | **1. Средства за работа на органите на управата** | | |
| 31 | Средства за лични доходи | | |
| 32 | Средства за заедничка потрошувачка | | |
| 33 | Средства за материјални трошоци | | |
| 34 | Средства за лични доходи и други лични примања на функционери и делегати | | |
| 35 | Други посебни намени | | |
| 36 | Средства за општи општествени потреби | | |
| 37 | Текушто финансирање на сојузните дирекции за стоковни резерви | | |
| 38 | Нестопански инвестиции и средства на опремата | | |
| 39 | Вкупно (31 до 38) | | |
| | **2. Народна одбрана и општествена самозаштита** | | |
| 40 | Средства за Југословенската народна армија во текуштата година | | |
| 41 | Средства за покритие на расходите врзани за вршење на услуги на корисници надвор од ЈНА | | |
| 42 | Општествена самозаштита | | |
| 43 | Вкупно (40 до 42) | | |
| | **3. Трансферни средства на другите општествено-политички заедници** | | |
| 44 | Дополнителни средства на буџетите на републиките и автономните покраини | | |
| 45 | Посебни дополнителни средства на буџетите на републиките и автономните покраини | | |
| 46 | Вкупно (44 до 45) | | |
| | **4. Обврски во финансирањето на општествените дејности** | | |
| 47 | За пензиското и инвалидското осигурување | | |
| 48 | За боречко-инвалидска заштита | | |
| 49 | Вкупно (47 + 48) | | |
| | **5. Други општи општествени потреби** | | |
| 50 | На општествено-политичките организации | | |
| 51 | Дотација на Фондот на солидарноста со неврзаните земји и со земјите во развој | | |
| 52 | Надомест на Службата на општественото книговодство | | |
| 53 | Друго | | |
| 54 | Вкупно (50 до 53) | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| | **6. Средства на резервите на федерацијата** | | |
| 55 | Издвојување во постојаната буџетска резерва на федерацијата | | |
| 56 | Текушта буџетска резерва | | |
| 57 | Вкупно (55 + 56) | | |
| | **7. Орочени и издвоени средства, обврски и други потреби од интерес за федерацијата** | | |
| 58 | Други обврски од поранешните години | | |
| 59 | Вкупно (58) | | |
| 60 | Вкупно распоредено | | |
| | **8. Рекапитулација** | | |
| 61 | Вкупни приходи (реден број 30) | | |
| 62 | Вкупен распоред (реден број 60) | | |
| 63 | Вишок на приходи (61 минус 62) | | |
| | **9. Распоред на вишокот на приходите** | | |
| 64 | Пренос во буџетот на наредната година | | |
| 65 | Пренос во постојаната резерва | | |
| 66 | За други намени | | |
| | **Б. ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ** | | |
| | **1. Состојба на постојаните резерви** | | |
| 67 | Состојба на почетокот на годината | | |
| 68 | Прилив во текот на годината | | |
| 69 | Вкупно (67+68) | | |
| 70 | Користење во текот на годината (бесповратно) | | |
| 71 | Постојаната резерва кон крајот на годината (69 минус 70) | | |
| | Од тоа: | | |
| 72 | — во позајмувања | | |
| 73 | Состојба во готово на посебната сметка (71 минус 72) | | |
| | **2. Состојба на ненамирените втасани обврски** | | |
| 74 | Ненамирени втасани обврски | | |
| 75 | Други обврски | | |

На ден————19——година

Место——————————

(печат и потпис)

Член 3

Во Образецот 1 „Преглед на обезбедените средства за личните доходи на работниците според Општествениот договор за 197— година“, Образецот 2 „Преглед на исплатените лични доходи на работниците во 197— година“ и Образецот 3 „Преглед на одобрените и потрошените средства по посебниот дел на буџетот за 197— година“, што се отпечатени кон Правилникот за начинот на составување на завршната сметка на буџетот на федерацијата, во називите, зборовите: „197— година“ се заменуваат со зборовите: „19—— година“.

Член 4

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 6-9775/1
1 октомври 1980 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
**инж. Петар Костиќ, с. р.**

**904.**

Врз основа на член 329 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 23/78 и 20/79), Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРОТИВПОЖАРНАТА СЛУЖБА НА АЕРОДРОМ

Член 1

Во Правилникот за противпожарната служба на аеродром („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/79) во член 13 точка 1, член 14 точка 1, член 15 точка 1 и член 16 точка 1 зборовите: „така што секое возило да овозможува" се заменуваат со зборовите: „што овозможуваат".

Член 2

Во член 19 се додава нов став 2, кој гласи:

„По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, аеродромите не мораат да бидат снабдени со резерви на халокарбон — BCF или $CO_2$."

Член 3

Во член 20 став 1 во четвртиот ред, односно во петтиот ред одозгора зборот: „челична" се заменува со зборот: „електрична", а по зборовите: „преносен апарат за производство на електрична енергија од 2,5 до 5 KW, 220/380 V" се додаваат зборовите: „апарат за мерење на концентрацијата на експлозивните пареи и гасови;".

Член 4

Во член 22 точка 4 на крајот точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додава нова точка 5, која гласи:

„5) да имаат центрифугална пумпа со капацитет 1.200 до 1.600 1/min, со притисок од 40 bar."

Член 5

Во член 33 по зборовите: „поштенски воздухоплови" се додаваат зборовите: „кои не превезуваат патници".

Член 6

Во член 35 по зборовите: „набљудувачко место" се става точка, а текстот до крајот се брише.

Член 7

Во член 36 став 1 зборовите: „од 8 at" се заменуваат со зборовите: „од 6 bar".

Член 8

Во член 42 став 2 зборовите: „што не се запални" се заменуваат со зборовите: „што се изработени од природни влакна".

Член 9

Член 48 се менува и гласи:

„По исклучок од одредбите на член 43 од овој правилник, млазен воздухоплов може да се полни со гориво и мазиво, ако воздухопловот е во транзит и ако се преземени следните мерки на претпазливост:

1) да се изгаснати моторите на воздухопловот и моторите на земските агрегати;

2) скалите за качување и истоварување на патници да се поставени пред вратата, а вратите пред кои нема такви скали да бидат заклучени во затворена положба и обезбедени со опрема за евакуација (слајд). Таа опрема мора да биде во таква состојба што да може веднаш да се употреби;

3) во внатрешноста на воздухопловот да се ослободени приодните врати, излезите во случај на опасност и средишните минувалишта, а сите врати помеѓу одделите да бидат отворени;

4) еден член од екипажот на воздухопловот, кого ќе го определи водачот на воздухопловот, да се наоѓа во пилотската кабина;

5) еден член од екипажот на воздухопловот, кого ќе го определи водачот на воздухопловот, да присуствува на полнењето на воздухопловот со гориво и мазиво;

6) во воздухопловот да се наоѓаат онолку помошни членови од екипажот колку што е потребно да се распоредат по групацијата на излезите (нормални, крилни, односно помошни излези);

7) патниците во воздухопловот да бидат известени дека ќе се врши полнење на воздухопловот со гориво и мазиво и дека можат да останат во воздухопловот на своите места одврзани, но дека е забрането пушење, употреба на кибрит, запалки и други средства со кои може да се предизвика искра;

8) светлосното предупредување „забрането пушење" да биде вклучено и помошниот персонал на воздухопловот да води сметка патниците да се придржуваат кон таа забрана;

9) да е обезбедена непрекината контрола на концентрацијата на запалната бензиска пареа и на други појави што можат да станат опасни, а во случај на опасност — веднаш да се извести персоналот што врши полнење на воздухопловот со гориво и мазиво;

10) дежурните пожарникари на платформата на воздухопловното пристаниште да присуствуваат, со противпожарно возило, односно со противпожарно возило за брза интервенција, при полнењето на воздухопловот со гориво и мазиво."

Член 10

Во член 49 точка 4 зборовите: „два рачни апарати за суво гасење пожар" се заменуваат со зборовите: „два рачни апарати со халокарбонат BCF од најмалку 3 kg".

Член 11

Во член 51 став 1 на крајот се додаваат, запирка и зборовите: „како и карта во размер 1 : 25.000 за зона на аеродром 6×9 km".

Во став 2 зборовите: „Кодирана карта" се заменуваат со зборовите: „Карти од став 1 на овој член", а зборот: „мора" се заменува со зборот: „мораат".

Во став 3 зборовите: „Кодирана карта" се заменуваат со зборвите: „Карта со размер 1 : 50.000".

Член 12

Во член 53 став 2 зборовите: „5 минути" се заменуваат со зборовите: „3 минути".

Член 13

Во член 60 зборовите: „да има" се заменуваат со зборовите: „да обезбеди."

Член 14

Во член 61 во точка 3 зборовите: „точ. 1 до 9" се заменуваат со зборовите: „точ. 1 до 10".

Во точка 4 зборовите: „5 минути" се заменуваат со зборовите: „3 минути".

Член 15

Во член 63 став 2 по зборовите: „противпожарен персонал" се додава зборот: „и", а зборовите: „и хидрантска мрежа за довод на вода" се бришат.

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Носителот на правото за располагање со аеродромот, односно организацијата на здружен труд за аеродромски услуги, се должни до 31 декември 1983 година да изградат хидрантска мрежа за довод на вода од член 36 на овој правилник".

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3175
17 октомври 1980 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
**Анте Зелиќ**, с. р.

4. Износот исплатен во смисла на став 2 на член 12 од Законот се надоместува од средствата на буџетот на федерацијата врз основа на копија од решението според кое се врши исплата и доказите за извршената исплата.

5. Надоместување на исплатените износи на Заедницата се врши за секоја календарска година по истекот на таа година.

6. Надоместување на исплатените износи до денот на влегувањето во сила на ова упатство ќе се изврши во рок од една година од денот на влегувањето во сила на ова упатство.

7. Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1888
10 октомври 1980 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за труд,
здравство и социјална заштита,
**Светозар Пеповски**, с. р.

**905.**

Врз основа на член 17 од Законот за определување на надоместите за побарувањата по основ на социјално осигурување настанати во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 7/77), во спогодба со сојузниот секретар за финансии, Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА НАЧИНОТ НА ИСПЛАТУВАЊЕ НА НАДОМЕСТИТЕ, ОДНОСНО ПЕНЗИИТЕ ИЛИ ИНВАЛИДНИНИТЕ СПОРЕД ОДРЕДБИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДОМЕСТИТЕ ЗА ПОБАРУВАЊАТА ПО ОСНОВ НА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ НАСТАНАТИ ВО СТРАНСТВО

1. Со ова упатство се пропишува начинот на исплатување на надоместите, односно пензиите или инвалидниниte според одредбите на Законот за определување на надоместите за побарувањата по основ на социјално осигурување настанати во странство.

2. Ндоместите определени во височина на пензијата или на постојаната инвалиднина во случаите во кои се исполнети условите за стекнување на соодветно право според прописите во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, републичката, односно покраинската самоуправна интересна заедница за пензиско и инвалидско осигурување (во натамошниот текст: заедница) ги исплатува на начинот на кој се врши исплата на пензиите определени според одредбите на Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување и одредбите на републичките и покраинските закони за пензиското и инвалидското осигурување, односно статутот и другите самоуправни општи акти на заедницата.

3. На начинот определен во точка 2 на ова упатство се исплатуваат и надоместите чие исплатување, во смисла на став 2 од член 12 од Законот за определување на надоместите за побарувањата по основ на социјално осигурување настанати во странство (во натамошниот текст: Законот, се врши на товар на буџетот на федерацијата (надомести за периодот од 15 мај 1945 година, надомести на разликата помеѓу странска пензија, односно рента и соодветното право според прописите во СФРЈ).

**906.**

Врз основа на точка 3 од Одлуката за составот на сојузните комитети („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/78, 1/80 и 41/80), претседателот на Сојузниот комитет за законодавство донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИЗМЕНА НА РЕШЕНИЕТО ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛИЦАТА ШТО СЕ ДЕЛЕГИРАНИ ВО СОЈУЗНИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО

1. Во Решението за утврдување на лицата што се делегирани во Сојузниот комитет за законодавство („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/79 и 19/80), во точка 1 во одделот под а) одредбата под 3 се менува и гласи:

„3) од Сојузниот секретаријат за внатрешни работи — Рикард Карљан, помошник на сојузниот секретар за внатрешни работи,"

Одредбата под 6 се менува и гласи:

„6) од Сојузниот секретеријат за пазар и општи стопански работи — Николаевиќ Божидар, советник на сојузниот секретар за пазар и општи стопански работи,"

Во одделот под б) одредбата под 3 се менува и гласи:

„3) од Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Словенија — д-р Лојзе Уде, член на Извршниот совет на Собранието на СР Словенија и претседател на Републичкиот комитет за законодавство,".

2. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1718
20 октомври 1980 година
Белград

Претседател на
Сојузниот комитет за
законодавство,
**д-р Александар Фира**, с.р.

907.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА РАДИОКОМУНИКАЦИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува југословенскиот стандард за радиокомуникации што го има следниот назив и ознака:
Радиокомуникации. Телевизија.
Термини и дефиниции — — — — JUS N.A0.780

Член 2

Југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник претставува составен дел на овој правилник, а се објавува во посебно издание на Сојузниот завод за стандардизација.

Член 3

Применувањето на југословенскиот стандард од член 1 на овој правилник не е задолжително.

Член 4

Овој правилник влегува во сила по истекот на шест месеци од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 31-15839/1
9 октомври 1980 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод
за стандардизација,
**Милан Крајновиќ**, с. р.

908.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за стандардизацијата („Службен лист на СФРЈ“, бр. 38/77 и 11/80), директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА СТАКЛЕНА АМБАЛАЖА ЗА ПРЕХРАНБЕНАТА ИНДУСТРИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат југословенските стандарди за стаклена амбалажа за прехранбената индустрија што ги имаат следните називи и ознаки:

1) Стаклена амбалажа за прехранбената индустрија. Капаци за стакленки со систем на затворање П. Т. JUS M.Z2.901

2) Стаклена амбалажа за прехранбената индустрија. Капаци за стакленки со систем на затворање Т. О. — JUS M.Z2.902

3) Стаклена амбалажа за прехранбената индустрија. Грло со навој со систем на затворање П. Т. — — — JUS Z.M5.112

4) Стаклена амбалажа за прехранбената индустрија. Грло со навој со номинален пречник 103 mm, со систем на зотворање П. Т. — — — — — JUS Z.M5.113

5) Стаклена амбалажа за прехранбената индустрија. Грло со навој со номинален пречник 53 mm и 58 mm, со систем на затворање Т. О. — — JUS Z.M5.114

6) Стаклена амбалажа за прехранбената индустрија. Грло со навој со номинален пречник 66 mm, со систем на затворање Т. О. — — — — JUS Z.M5.115

7) Стаклена амбалажа за прехранбената индустрија. Грло со навој со номинален пречник 82 mm, со систем на затворање Т. О. — — — — JUS Z.M5.116

8) Стаклена амбалажа за прехранбената индустрија. Проверување на квалитетот — — — — — — — JUS Z.M5.118

9) Стаклена амбалажа за прехранбената индустрија. Капаци. Проверување на квалитетот — — — — — JUS Z.M5.119

Член 2

